"ЕВРОПА" – СКОПЈЕ
Ф-ка за чоколади,
вафли и бонбони АД ЦО
Бр. 0201/1721
06.12.2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 385,457 и 460 од Законот за трговски друштва и член 27, 58 и 71 од Статутот на АД ЕВРОПА Скопје, Собранието на акционери одржано на ден 06-ти Декември 2022 година да ја донесе следната:

# ОДЛУКА

*за одобрување на зделки со заинтересирана страна*

**Член 1**

Заради постоење на взаемен интерес за деловна соработка во рамки на редовното работење (купување, продавање, аванси, гаранции, земање и давање на краткорочни парични позајмици, шпедитерски услуги и организација на транспорт, организирана исхрана, користење на други услуги) се одобрува АД ЕВРОПА Скопје да склучува зделки со заинтересирана страна ФЕРШПЕД АД Скопје со ЕМБС 4057465 и седиште на ул.Македонија бр.11а, по пазарни услови за слични видови на зделки.

Вредноста на секоја од погоренаведените зделки поединечно или кумулативно за период од денот на донесување на оваа одлука до одржување на наредно собрание на акционери нема да надминува износ од 101.550.000 денари која вредност изнесува 9,3% од книговодствената вредност на имотот на друштвото АД ЕВРОПА Скопје определена според последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото.

**Член 2**

Се овластува Одборот на директори на АД ЕВРОПА Скопје да ги превземе сите потребни активности за реализација на деловната соработка опишана во член 1 од оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

Собранието на акционери на АД ЕВРОПА Скопје одржано помеѓу две редовни годишни собранија во рамки на своите овластувања на седницата одржана на ден 06.12.2022 година одлучи како во диспозитивот и ја усвои Одлуката за одобрување на зделки со заинтересирана страна.

Скопје, 06.12.2022 година

Собрание на акционери
Претседавач

"ЕВРОПА" А.Д. Скопје